Врз основа на членовите 2, 3 и 4 од Одлуката за утврдување на награди и признанија на Општина Центар /"Службен гласник на град Скопје" бр.15/01/ и членовите 16 и 17 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на Годишната награда на Општина Центар - Феникс, Советот на Општина Центар на 101-седница одржана на 12.12..2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на Годишна Награда**
**на Општина Центар - Феникс за 2008 година**

**1.** Како знак на општествено признание за особени постогнувања во стопанството, уметноста, воспитувањето и образованието, спортот, како и во други области на трудот и творештвото од значење за развојот на Општината и нејзината афирмација во Република Македонија и во светот, Годишната награда на Општина Центар - Феникс се доделува на:

## I КАТЕГОРИЈА ПОЕДИНЦИ И ГРУПА ТВОРЦИ

1. **Томислав Таневски**, за постигнувања во културата и социјалните дејности
2. **Дејан Недев**, за постигнувања во спортот
3. **Мирче Нешовски**, за постигнувања во книжевноста

## II КАТЕГОРИЈА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ

1. **Стефан Мијовски**, за постигнувања во образованието
2. **Софија Златанова**, за постигнувања во музичката култура и хуманитерните дејности

## III КАТЕГОРИЈА ПРАВНИ ЛИЦА

**-Универзитет "Св. Кирил и Методиј "- Скопје ,**
**Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии "Скопје" АД Скопје**, за постигнувања во областа на урбанизмот, градежништвото и заштита на животната средина

**2.** Наградата за категоријата поединци и група на творци, како и за категоријата ученици и студенти од точка 1 се состои од диплома и паричен износ од по 30.000,00 денари.

**3.** Наградата за категоријата правни лица од точка 1 се состои од диплома и плакета.

**4**. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Центар - Скопје".

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**1.** Кандидатот Томислав Таневски е предложен од Центарот за детско уметничко изразување, музикотерапија и психо-физичка релаксација "Џунџуле" од Скопје, за повеќегодишниот допринос во областа на воспитанието и образованието, културата и социјалното делување.

Таневски е истакнат професор по предучилишно воспитување, кој покрај педагошгата работа каде акцентот го става на талентираните деца, се занимава и со компонирање и со проблемите од областа на музичката психологија. Тој е основач и уметнички директор на меѓународниот детски фестивал "Калинка" и еден од основачите на детскиот фолкрорен фестивал "Плетенка". Работел како продуцент во МТВ на народна и детска музика, и раководел со хоровите "Златно славејче", "Росица" и "Роза Нолчева". Има објавено повеќе стручни и научни трудови од областа на музикотерапијата, и е автор на поголем број на народни новокомпонирани песни.

**2.** Кандидатот Стефан Миовски е предложен од Наставничкиот Совет на ОУ"Коле Неделковски", како исклучително надарен ученик за изучување на математиката и умерноста.

Стафан својата надареност кон уметноста ја докажа на Меѓународната ликовна изложба на тема "Флора и Фауна-извор на животот и убавината", под покровителство на Министерството за животна средина и просторно планирање, каде го освои првото место. Неговите математички знаења, покрај учеството на повеќе натпревари, се потврдија на Меѓународниот натпревар по математика организиран од Сојузот на Математичари на Македонија, каде го освои третото место. Стефан исто така е активен и на спортски план, односно со Ф.К.работнички Кометал-генерација 95, го освои првото место на турнирот одржан во Кочани.

**3.** Кандидатот Софија Златанова е предложена од Волонтерскиот Центар Скопје - Македонија како истакната волонтерка, организаторка и носителка на повеќе проекти.

Софија се појавува како организатор на Добротворниот хуманитарен концерт за децата без родители од Домот "11 Октомври" на кој учество зедоа нашите познати уметници Симон Трпчевски, Весна Г.Илкова, Васил Атанасов, Олег и Ана Контраденко и други. Нејзините организациони способности се искажаа и преку дадената можност да организира хуманитарен концерт, а финасиските средствата собрани од неговото одржување ќе бидат донирани на децата со посебни потреби од ЈУ"завод за рехабилитација на деца и млади" од Скопје.
Софија воедно е посебно надарена студентка на факултетот за Музичка уметност од Скопје, каде ги покажува своите професионални атрибути со настапувањето на голем број на концерти, солистички рецитали и преку освојувањето на многубројни награди како уметник-музичар виолинист.

**4.** Кандидатот Дејан Недев е предложен од Македонската Традиционална Карате Федерација, како спортист кој во минатиот период има постигнато врвни спортски резултати.

Дејан започнувајќи уште од детските денови се истакна со натпросечни способности во областа на Традиционалното карате и неколкупати по ред беше прогласен за млад спортист на Македонија, а потоа и за најдобар спортист на Македонија и тоа неколку го дини по ред. Исто така, има освојувано и многубројни златни, сребрени и бронзени медали на Балканските, Европските и Светските карате првенства.

**5.** Кандидатот Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии - Скопје АД Скопје, е предложен од Надзорниот одбор на Универзитетот "Св.Кирил и методиј"-Скопје, Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии - Скопје АД Скопје, како институција која извршува научни истражувања од областа на техничко-технолошките науки.

Оваа институција се истакнува со низа активности и придонеси не само за Општина Центар, туку и многу пошироко - за Градот Скопје и за Република Македонија, а своите активности ги остварува и во странство. Во склоп на своите активности Заводот има извршено голем број на лабораториски испитувања, контроли и истражувања од областа на градежништвото, изградбата и надзорот на изградба на објекти, проектирањето, ревизиите и контролата на вградените материјали. Основната карактеристика на оваа институција е професионалното и квалитетно извршување на услугите или едноставно одржување на високо ниво на услуги со постојано подобрување на квалитетот.

**6.** Кандидатот Мирче Нешовски е предложен од група на писатели, како поет кој оваа година има објавено две поетски книги и тоа "Тапија на универзумот" и "Низ небесната врата".

Мирче Нешовски е автор на повеќе поетски книги, се појавува како автор на книжевни и ликовни критики, а се занимавал и со студии од областа на културата.